Врз основа на Календарот за наставата за студиската 2019/2020 година летен семестар дел бр. 0205-55/3од 23.01.2020 година, и врз основа на вонредната состојба настаната со корона вирусот COVID 19, Наставничкиот совет на БАС на вонредната 168 седница одржана на 29.05.2019 година ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

**продолжување на јунската испитна сесија, за проверка на знаењата на студентите на Бизнис Академија Смилевски - БАС Скопје**

**Член 1**

Се продолжува јунската испитна сесија за проверка на знаењата на студентите.

Јунската испитна сесија ќе започне на 08.06.2020 година и ќе трае до 03.07.2020 година.

**Член 2**

Полагањето на испитите во јунската испитна сесија да се организира согласно Протоколот за утврдување и постапување на јавните и приватни високообразовни установи, односно единиците во состав при изведување на испитите издаден од Министерство за образогание и наука на Р.С.М, согласно Уредбата за со законска сила за примена на Законот за високо образование за време на вонредна состојба (сл.весник бр.76/20 од 24.03.2020 година) и Уредбата со законска сила за дополнување на уредбата со законска сила за примена на Законот за високо образование за време на вонредна состојба (сл. весник бр.134/20 Од 22.05.2020 година).

**Член 3**

Измените кои се донесени за јунската испитна сесија, распоредот за полагање на испитите и Протоколот за полагање на испитите донесен од страна на МОН, да се објават на образовниот портал и на огласните табли на БАС во Скопје и Битола.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила од денот на нејзиното донесување.

**Заменик директор**

**Проф. д-р Лидија Стефановска**